ЦАРИНСКА УПРАВА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ПОЕДНОСТАВЕНА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПОСТАПКА СО БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ
[преку ЕСЈН со е-аукција]

**Оглас број 21/2018**

ЗА НАБАВКА ЗА КАМПАЊА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Скопје, октомври 2018 година**

# I. ИНСТРУКЦИИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

## 1. Договорен орган

1.1 Договорен орган е Царинска управа на Република Македонија, со седиште на адреса: ул. „Лазар Личеноски" бр.13, 1000 Скопје, Република Македонија; телефон: ++389 2 3116 188; факс ++389 2 3237 832; електронска адреса:info@customs.gov.mk; интернет адреса:www.customs.gov.mk.

1.2 Лица за контакт кај договорниот орган се Мирјана Станоева и Билјана Ристовска, телефон: ++389 2 3171 779, електронска пошта: mirjana.stanoeva@customs.gov.mk и biljana.ristovska@customs.gov.mk.

## 2. Предмет на договорот за јавна набавка

2.1 Предмет на договорот за јавна набавка е „Набавка за кампања за спречување на корупција и судир на интереси". Детален опис на предметот на договорот е даден во техничката спецификација во прилог на оваа тендерска документација и истата е составен дел на тендерската документација.

2.2. Предметот на договорот **е неделив**. Економскиот оператор во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.

## 3. Начин на извршување на услугата

Носителот на набавката е должен да ги изврши услугите - предмет на договоротза јавна набавка, целосно во согласност со барањата и условите наведени во техничката спецификација од тендерската документација.

## 4. Разлики во цена (корекција на цени)

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## 5. Рок за извршување на услугата

Носителот на набавката е должен да го испорача видео спотот-предмет на договорот: во просториите на Царинска управа на ул. „Лазар Личеновски„ бр.13 Скопје, а во рок од 60 (шеесет) дена од денот на добивање на дополнителни насоки (бриф) од договорниот орган.

## 6. Начин на плаќање

Начин на плаќање е вирмански во рок од 60 (шеесет) дена од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Царинската управа на Република Македонија, лоцирана на ул. „Лазар Личеноски" бр.13, 1000 Скопје (стара зграда).

Задолжително во прилог на фактурата се доставува испратница и/или записник, уредно заверена и потпишани од страна на лица овластено од двете договорни страни.

Начинот на плаќање е задолжителен. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од утврдениот во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на Комисијата за јавни набавки.

## 7. Право на учество

7.1. Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца, како и економскиот оператор кој претставува поврзано друштво со економскиот оператор кој има негативна референца, нема право на учество.

7.2. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка.

7.3. Право да достави понуда има и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма. Договорниот орган нема да бара од групата на понудувачи да се здружи во посебна правна форма доколку истата биде избрана за носител на набавката.

7.4. Составен дел од групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци:

- членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата,
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка,
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе ја обезбеди гаранцијата на понудата во форма на банкарска гаранција или депонирани средства, доколку е предвидено во тендерската документација,
- членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата, и
- краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот.

7.5. Сите членови на групата на понудувачи се поединечно и солидарно одговорни пред Договорниот орган за извршување на своите обврски. Договорниот орган ќе комуницира со претставникот на групата на понудувачи.

Напомена: Во моментот на поднесување на групна понуда, носителот на групата треба да биде регистриран на Електронскиот систем за јавни набавки.[1]

<u>Носителот на групата задолжително ги потпишува со дигитален сертификат:</u> понудата, потребните изјави и целокупната документација која самиот ја изготвува и потпишува.

<u>Доколку членовите на групата не поседуваат дигитален сертификат,</u> потребните изјави и документацијата која тие ја изготвуваат и потпишуваат може да биде своерачно потпишана и доставена во скенирана електронска форма.

7.6. <u>Член во групата економски оператори не може да се повлече од групата</u> економски оператори до склучување на договорот за јавна набавка доколку:

- е носител на групата екононoмски оператори,
- ја обезбедува гаранцијата на понудата во форма на банкарска гаранција или депонирани средства,
- групата на економски оператори не може да го докаже исполнувањето на критериумите за утврдување на способност што се барале во постапката без тој член или
- другите членови од групата солидарно не ги превземаат обврските на членот од групата кој сака да се повлече од групата економски оператори.

Повлекувањето на член од групата економски оператори спротивно на наведеното од претходниот став се смета за повлекување на групната понуда.

7.7. Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на договор за јавна набавка може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда.

7.8. Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.

7.9. <u>Понудувачот може да ангажира подизведувачи.</u> Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе

[1] Доколку е потребно да се издаде негативна референца на групата понудувачи а некој од членовите на групата не е регистриран на ЕСЈН, договорниот орган ќе ја објави негативната референца за сите членови на групата, при што нерегистрираните претходно ќе ги регистрира на ЕСЈН врз основа на доставените податоци од понудата.

подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.

7.10. Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за доделување на договорот.

## 8. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

### 8.1. Лична состојба

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако на економскиот оператор му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа,
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

### 8.2. Способност за вршење на професионална дејност

За да учествува во постапката за доделување на договор, понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

### 8.3. Техничка или професионална способност

За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка или професионална способност, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- Да има искуство во изработка на промотивни кампањи како предметот на набавка во последните 3 (три) години,

## 9. Начин на докажување на способноста на понудувачот

Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за утврдување на личната состојба со изјава која ја доставува во прилог на својата понуда.

Исполнетоста на останатите критериуми за утврдување на способност, понудувачот ја докажува со доставување на потребната документација утврдена во овој дел од тендерската документација.

Документите (**оригинал или копија заверена од економскиот оператор**) кои не ги изготвува самиот економски оператор/понудувач се доставуваат во скенирана електронска форма .

Економскиот оператор може да го користи профилот на економски оператор на ЕСЈН за докажување на одредени критериуми за утврдување способност што ги овозможува ЕСЈН.

### 9.1. За докажување на личната состојба:

- изјава на понудувачот дека во последните 5 (пет) години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран или доказ за одобрено одложено плаќање на истите;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

**Понудувачот за докажување на својата лична состојба поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната состојба**, која е дадена во прилог на оваа тендерска документација.

Изјавата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН и истата треба да биде електронски потпишана со користење на дигитален сертификат од одговорното лице или овластениот потписник на економскиот оператор. Подетални информации за начинот на дигитално потпишување се содржани во прирачникот "Општи и технички препораки за користење на ЕСЈН за економски оператори и договорни органи" објавен на почетната страна на ЕСЈН во делот "Документи".

За да се избегнат технички пропусти при утврдување на валидноста на сертификатот, препорачливо е економскиот оператор во понудата да наведе со кој софтверски пакет (Microsoft Office 2003, 2007, 2010, OpenOffice итн.) се потпишани документите.

**Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда е утврдена за најповолна да ги достави потребните документи за личната состојба од точка 9.1 .**

Изјавата од точка 9.1 алинеја 1 ја изготвува во електронска форма и со електронски потпис ја потпишува самиот економски оператор и истата не треба да биде заверена од надлежен орган.

Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите наведени во точка 9.1 алинеја 2, 3, 4, 5, 6 и 7 или ако тие не ги опфаќаат сите погоренаведени случаи, економскиот оператор може да достави изјава заверена кај надлежен орган.

Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

Документите од точка 9.1 не смеат да бидат постари од 6 месеци од датумот определен како краен рок за поднесување на понуди, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од економскиот оператор.

Комисијата ќе прифати документи за утврдување на личната состојба кои се издадени и по денот на јавното отворање на понудите, но не подоцна од денот на донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

Ако економскиот оператор не ги достави бараните документи во утврдениот рок од страна на Комисијата за јавна набавка, или истите се невалидни или несоодветни за утврдување на личната состојба, ќе се смета дека понудувачот ја повлекол својата понуда што резултира со издавање негативна референца, а Комисијата за јавна набавка ќе го покани наредниот рангиран економски оператор или ќе даде предлог за поништување на постапката.

**9.2. За докажување на способноста за вршење на професионална дејност**

За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави со својата понуда документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

**9.3. За докажување на техничката или професионалната способност:**

9.3.1 За докажување исполнувањето на минималните услови од точка 8.3 понудувачот треба со својата понуда да достави:

- Доказ: ЦД, ДВД, Известување за линкови на интернет од изработени најмалку 3 видео спота од промотивни кампањи за кориници државни или други институции во последните три години.
- Известување за елементите на договорот кои економскиот оператор има намера да го отстапи на подизведув*ач/*и. *(се доставува само доколку постои каква намера).*

9.3.2 Документите наведени во потточка 9.3.1 ги изготвува и електронски ги потпишува самиот економски оператор и тие не мора да бидат заверени од надлежен орган, со исклучок на: ЦД, и ДВД кои се доставуваат во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на економскиот оператор, најдоцна до крајниот рок на отварање на понудите. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган;
- содржи информација за бројот на огласот за доделување на договор за јавна набавка и датумот на кој е објавен;
- во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај", за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.

9.4. Техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да биде поддржана од друг субјект, без оглед на правните врски меѓу економскиот оператор и тој субјект, освен во делот на референтната листа и претходно склучените договори.

Ако економскиот оператор ја докажува својата техничка и професионална способност повикувајќи се на поддршката од друг субјект тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ–склучен договор за деловно техничка соработка дека тој субјект ќе му ги стави на располагање на економскиот оператор соодветните технички и професионални ресурси.

Против субјектот кој ја обезбедува техничката или професионалната поддршка не смее да е изречена правосилна пресуда за учество во криминална организација, корупција, измама или за перење на пари.

**9.5. Ако економски оператори поднесат понуда како група на економски оператори**, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата лична состојба и способноста за вршење професионална дејност, а економската и финансиската состојба, како и техничката и професионалната способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови во групата.

Ако групата на економски оператори настапува со техничка или професионална поддршка од трет субјект или трети субјекти, техничката и професионалната способност се утврдува согласно наведеното во точка 9.4.

**10. Појаснување, измена и дополнување на тендерската документација**
**10.1. Појаснување на тендерската документација**

10.1.1 Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган, исклучиво во електронска форма, преку ЕСЈН, со користење на модулот "Прашања и одговори", најдоцна 3 (три) дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

10.1.2 Појаснувањето договорниот орган ќе го достави преку ЕСЈН, во модулот „Прашања и одговори", по што сите економски оператори што презеле тендерска документација ќе добијат автоматско електронско известување дека е даден одговор на поставеното прашање и ќе бидат во можност да го прочитаат појаснувањето, без при тоа да се идентификува економскиот оператор што побарал појаснување.

**10.2. Измена и дополнување на тендерската документација**

10.2.1 Договорниот орган го задржува правото најдоцна 3 (три) дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ги извести сите економски оператори што неа ја подигнале.

10.2.2 Во случај на измена на тендерската документација, договорниот орган ќе го продолжи крајниот рок за доставување на понудата за најмалку 6 (шест) дена.

10.2.3 Во случај на измена и дополнување на тендерската документација објавена на ЕСЈН како и продолжување на крајниот рок, договорниот орган е должен да ја објави направената измена преку ЕСЈН, по што сите економски оператори што презеле тендерска документација до моментот на измената ќе добијат автоматско електронско известување дека е објавена измена за конкретниот оглас.

**11. Изготвување и поднесување на понудите**
**11.1. Начин на изготвување на понудата**

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација во електронска форма, со користење на обрасците дадени во прилог.

Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.

**11.2. Понудата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН и истата треба да биде електронски потпишана со користење на дигитален сертификат** од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него.

Дигиталниот сертификат треба да биде со важност најмалку до моментот на јавното отворање односно крајниот рок за поднесување на понудите.

Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице.

Подетални информации за начинот на дигитално потпишување се содржани во прирачникот "Општи и технички препораки за користење на ЕСЈН за економски оператори и договорни органи" објавен на почетната страна на ЕСЈН во делот "Документи".

**11.3.** Економските оператори можат во хартиена форма да ја поднесат документација во нестандарден формат и големина пред крајниот рок за поднесување на понудите, доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН.

**11.4. Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба**

Со понудата, понудувачот доставува и електронски потпишана изјава со која потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба во целост утврдени во законот и во тендерската документација и дека ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку неговата понуда биде избрана за најповолна.

**11.5. Изјава за сериозност на понудата**

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и електронски потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

Изјавата за сериозност на понудата се доставува заедно со понудата и не може дополнително да се достави по истекот на рокот за поднесување на понудите.

### 11.6. Изјава за независна понуда

Во прилог на понудата, покрај изјавата за сериозност на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за независна понуда, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација, каде е подетално објаснето нејзиното значење како и кои дејствија ќе се преземат доколку договорниот орган добие сознанија дека дадените наводи се невистинити.

Изјавата за независна понуда ја потпишува исклучиво одговорното лице, се доставува заедно со понудата и не може дополнително да се достави по истекот на рокот за поднесување на понудите.

Изјавата за независна понуда не може да гласи на ниту едно друго лице освен на одговорното лице.

Изјавата се потпишува електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице. Доколку изјавата за независна понуда е потпишана од лице овластено за дигитално потпишување, тогаш истата задолжително треба да е своерачно потпишана од одговорното лице, скенирана и на таков формат да биде аплициран дигитален потпис.

### 11.7. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Образец на понуда - (Прилог 1),
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба - (Прилог 2),
- Изјава за сериозност на понудата - (Прилог 3),
- Изјава за независна понуда *(во случај на групна понуда, секој член на групата на понудувачи ја поднесува изјавата за независна понуда за својот субјект/правно лице, односно самостојно)* -(Прилог 4),
- Документи за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност наведени во тендерската документација ,
- Докази за утврдување на техничката или професионалната способност наведени во тендерската документација;
- Сценарио и „story board“ изработени согласно барањата наведени во техничката спецификација.
- Договор за групна понуда *(задожително се доставува заедно со понудата, само во случај на групна понуда);*

– Пополнет образец за општи информации *(во случај на групна понуда образецот со општи информации се пополнува за секој член на групата на економски оператори)* - (Прилог 5).

### 11.8. Јазик на понудата

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

### 11.9. Цена на понудата

11.9.1 Економскиот оператор во листата на цени ја внесува цената за секој дел поединечно.

11.9.2 Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно. Понудената цена треба да ги вклучува и увозните царини доколку ги има, како и трошоците за услугата за усогласување и поврзување на финалниот видео производ на различни системи каде Царинската управа ќе има потреба од негова објава. Оттука, предмет на евалуација ќе биде вкупната понудена цена со вклучени сите трошоци, без ДДВ.

11.9.3 Економскиот оператор понудената цена задолжително ја внесува и во ЕСЈН преку веб образецот „Поднеси понуда/пријава за учество“, панел „Податоци од понудата“, во полето за внесување на цената. Цената на понудата се пишува со бројки и букви. (*Доколку понудата е поднесена од странски економски оператор, цената на понудата покрај со бројки, се пишува и со букви на англиски јазик.*)

11.9.4 Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека договорот ќе биде извршен, договорниот орган од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата. Ако економскиот оператор не успее да објасни во електронска форма преку ЕСЈН преку модулот „Појаснување/ дополнување на поднесени документи“, кои се причините за таквата цена во рок од 5 (пет) дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.

### 11.10. Валута на понудата

Цената на понудата се изразува во денари.

**11.11. Период на важност на понудата**

Периодот на важност на понудата ќе изнесува **365** дена од денот на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

**11.12. Принцип на една понуда**

Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

**12. Краен рок и место за поднесување на понудите**

**12.1.** Краен рок за поднесување на понудите **е 12.11.2018 година во 11:00** часот.

**12.2.** Понудите се поднесуваат преку ЕСЈН достапен преку следнава веб адреса: https://www.e-nabavki.gov.mk.

**12.3**. Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да биде примена во ЕСЈН, односно ќе биде автоматски отфрлена за што и договорниот орган и економскиот оператор ќе бидат известени и истата нема да се прикаже при јавното отворање на понудите.

**13. Отворање и евалуација на понудите**

**13.1. Отворање на понудите ќе се изврши на 12.11.2018** година во **11:00** часот, на следнава локација:  Царинска управа, ул. „ Лазар Личеноски “ број 13, 1000 Скопје .

Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда. Во таков случај нема да се спроведе електронска аукција. Условот за спроведување на електронска аукција е во постапката да се пристигнати најмалку две прифатливи понуди. Во текот на отворањето на понудите се води Записник според Правилникот за постапката на отворањето на понудите и Образецот за водење на записник за отворањето на понудите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/07).

**13.2. При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на економскиот оператор и при евалуација на понудата**, комисијата преку ЕСЈН задолжително бара од понудувачите да ги појаснат или дополнат документите за утврдување способност во рок од 5 (пет) работни дена од крајниот рок за поднесување на понудите.

Економскиот оператор преку ЕСЈН, го прикачува документот со појаснување или дополнување во делот "Појаснување/Дополнување на поднесени документи", во рокот кој го определил договорниот орган, а кој не смее да е покус од 3 (три) работни дена, од денот на приемот на барањето од страна на понудувачот.

**13.3. Никакви промени во понудата, освен исправката на аритметички грешки, не смеат** да се бараат, нудат или да се допуштат од страна на комисијата или од економскиот оператор.

Ако понудата е прифатлива и е составена и доставена во согласност со тендерската документација, договорниот орган ги коригира аритметичките грешки на следниот начин:

- ако постои несовпаѓање меѓу зборовите и бројките, преовладува износот што е напишан со зборови,
- ако постои разлика помеѓу единечната цена и вкупната цена, тогаш преовладува единечната цена.

Комисијата за јавни набавки ќе ги корегира грешките во понудата според опишаната постапка и таа ќе се смета обврзувачка за него.

Ако економскиот оператор не ја прифати корекцијата на аритметичките грешки, понудата ќе биде отфрлена и ќе биде издадена негативна референца од страна на Договорниот орган заради прекршување на изјавата за сериозност на понудата.

13.4. Секое појаснување или дополнување доставено од страна на економскиот оператор во поглед на неговата понуда што не е дадено како одговор на барање од договорниот орган, нема да се разгледува.

**14. Критериум за доделување на договорот**

14.1 Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е **економски најповолна понуда.** За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

14.2 Како елементи на критериумот економски најповолна понуда се земаат следниве:

- цена : 50 бодови
- квалитет: 50 бодови

14.3 **За елементот цена** се утврдени вкупно 50 бодови. Заради евалуација цената на понудата ќе се пресметува како вкупна цена без данок на додадена вредност, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има најниска понудена цена. Бодовите за елементот цена кај другите понуди ќе се доделат според следнава формула:

*Број на бодови* = (*најниска цена (без ДДВ)* . *максимален број бодови*) / *Цена (безДДВ)*

14.4 <u>**За елементот квалитет** се утврдени вкупно 50 бодови</u>. Понудите ќе се бодуваат на следниов начин:

| **Бодови за поделементи на елементот квалитет** | | **Бодови** |
|---|---|---|
| 1 | Адекватност на економскиот оператор | 15 |
| 2 | Оцена на доставеното сценарио и „story board“ за изработка на видео спотот | 35 |
| | **ВКУПНО** | **50** |

1. <u>Адекватноста на економскиот оператор</u> ќе се бодира согласно критериумите прикажани во Табела бр.1, врз основа на доставените докази за техничка или профофесионална способност на економскиот оператор (ЦД, ДВД, известување за линкови на интернет и/или имиња на институции) за изработени најмалку 3 видео спота од промотивни кампањи во последните три години за корисници државни или други институции.
2. <u>Оцена на доставеното сценарио и „story board“ за изработка на видео спотот</u>, согласно дадената техничка спецификација, ќе се бодира врз основа на Табела бр.1, со доставување на 1 (една) верзија со наратор на македонски и 1 (една) верзија со наратор на албански јазик .

Бодувањето на поделементите на елементот квалитет ќе се врши според следните критериуми:

| Табела бр.1 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Елементи** | **Вкупно бодови** | **Критериум** | **Бодови** |
| 1. | Адекватност на економскиот оператор | 15 | - 3-5 видео записи<br>- 6-10 видео записи<br>- над 10 видео записи | 3<br>7<br>15 |
| 2. | Оцена на доставеното сценарио и „story board“ за изработка на видео спотот | 35 | Оцената ќе биде дадена врз основа на критериуми како успешност и креативност на сценариото и story board и постигнување на баланс на уметничкиот израз на доставеното сценарио и story board, како и опфатеност на трите клучни елементи/теми :подигнување на јавната свест за пријавување на случаите на корупција, судир на интереси и злоупотреба на службената должност и начини на нивно пријавување согласно барањата наведени во техничката спецификација | 15-делумно задоволува;<br>25-задоволува;<br>35-целосно задоволува. |

Бодовите за елементот квалитет ќе се доделат според следнава формула:

К=Ао+Ов

При што:

К – бодови за квалитет

Ао - број на добиени бодови за адекватноста на економскиот оператор

Ов - број на добиени бодови за сценарио и „story board“

14.6 Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно со Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/08).

**15. Посебни начини за доделување на договорот за јавна набавка**

15.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, која ќе заврши со електронска аукција како последна фаза во постапката.

15.2. Оваа постапка ќе се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) (https://www.e-nabavki.gov.mk).

**15.3. Подетални информации за користењето на електронски средства**

За да можете да учествувате во постапката, потребно е да се регистрирате во ЕСЈН и да поседувате дигитален сертификат. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН[2], по што ЕСЈН автоматски ги обработува податоците од регистрациската форма, генерира шифра и истата ја доставува на регистрираната електронска пошта на економскиот оператор.

Повеќе информации за начинот на регистрација и користење на системот ќе најдете во Прирачникот за користење на ЕСЈН наменет за економски оператори, кој можете да го преземете од почетната страна на ЕСЈН во делот „Економски оператори".

**15.4. Подетални информации за електронската аукција**

Договорниот орган ќе користи електронска аукција како последна фаза во постапката со барање за прибирање на понуди. Предмет на електронската аукција е вкупната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, без ДДВ. Почетна цена на електронската аукција е најниската цена, од прифатливите понуди поднесени во првичната фаза од постапката.

Поканите за учество на аукцијата ќе се доставaт во електронска форма преку ЕСЈН по целосната евалуација на првичните понуди, до сите економски оператори кои доставиле прифатливи понуди во првата фаза од постапката и кои се регистрирани со активиран кориснички профил во ЕСЈН. Поканата за учество на аукцијата ќе биде електронски испратена во поштенското сандаче на корисничкиот профил на ЕСЈН, на лицето кое ќе поднесе понуда за соодветната постапка по електронски пат.

Во поканата за учество на аукцијата ќе бидат содржани следниве податоци: почетната цена на аукцијата, односно најниската цена од првично поднесените понуди, датумот и часот на започнување и завршување на аукцијата; интервалот во кој ќе се спроведува негативното наддавање (минимална и максимална разлика во понудени цени).

Доколку е поднесена само една понуда или само една прифатлива понуда, Договорниот орган ќе го покани единствениот понудувач да поднесе конечна цена преку ЕСЈН. Во поканата за поднесување конечна цена се содржани следниве податоци: идентификување на делот на понудата кој ќе биде предмет на поднесување конечна цена, информации кои ќе му бидат достапни пред поднесувањето на конечната цена и временскиот период за поднесување конечна цена. Единствениот понудувач ја поднесува конечната

[2] Линк „Регистрирај се" во делот „Економски оператори" на почетната страна на ЕСЈН

цена во утврденото време само еднаш, а доколку не поднесе конечна цена, првично понудената цена ќе се смета за конечна.

**16. Доделување на договорот за јавна набавка**

16.1. Договорниот орган, по спроведената електронска аукција како последна фаза во постапката за барање за прибирање на понуди, договорот му го доделува на економскиот оператор чија понуда има најниска цена.

16.2. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.

16.3. Доколку никој не поднесе нова цена во текот на електронската аукција, а притоа две или повеќе понуди имаат идентична цена, за најповолна ќе биде избрана, порано поднесената понуда.

16.4. Во случај во текот на аукцијата да нема негативно наддавање, договорниот орган може да му го додели договорот за јавна набавка на економскиот оператор чија првична прифатлива понуда има најниска цена.

16.5. Доколку во текот на постапката за доделување договор за јавна набавка, најповолната прифатлива понуда согласно условите на постапката е со цена повисока од износот на средства утврден во одлуката за јавна набавка, договорниот орган може да ја измени одлуката и да дообезбеди средства потребни за реализација на договорот, под услов понудената цена да не е понеповолна од реалните цени на пазарот и да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката согласно со Законот за јавните набавки.

16.6. По завршувањето на електронската аукција/по поднесувањето на конечната цена и изборот на најповолен понудувач, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, цената на секоја од поединечните ставки ќе се пресметува со соодветно намалување кое ќе биде еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда на избраниот најповолен понудувач (пред електронската аукција / пред поднесувањето на конечната цена) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата / по поднесувањето на конечната цена).

**17. Известување за доделување на договорот за јавна набавка**

17.1. По завршувањето на електронската аукција на јавниот дел од ЕСЈН автоматски се објавува и до сите учесници на аукцијата автоматски се испраќа известување за економскиот оператор кој што поднел најповолна понуда во текот на негативното наддавање. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици. Исходот од електронската аукција е основ за донесување на одлука за избор на најповолна понуда.

17.2. Избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во електронска форма преку ЕСЈН дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна

понуда. Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од тендерот, одлуката кој е најповолен економски оператор како и за причините за неизбор на нивната понуда. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

**18. Гаранција за квалитетно извршување на договорот**

18.1. Услов за потпишување на договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување гаранција од страна на избраниот најповолен понудувач за квалитетно извршување на договорот во висина од **5%** од вредноста на договорот.

18.2. Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

18.3. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност најмалку 1 (еден) месец по истекот на рокот за целосното реализирање на договорот. Договорниот орган по извршениот избор на најповолен понудувач дополнително го утврдува крајниот датум на важност на гаранцијата.

18.4. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

18.5. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

18.6. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува во рок од **15 (петнаесет) дена** од добиеното известување за избор, а пред склучување на договорот.

18.7. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично во Царинската Управа на Република Македонија, Одделение за јавни набавки.

18.8. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, Договорниот орган ќе објави до ЕСЈН негативна референца. За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и за објавувањето на негативна референца на ЕСЈН, Носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.

18.9. Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот Договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

18.10. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот Договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на Договорниот орган.

**19. Склучување на договорот за јавна набавка**

19.1. Договорниот орган ќе го достави договорот за јавна набавка до избраниот најповолен понудувач во 6 (шест) примероци на потпишување.

19.2. Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише и да му го врати на Договорниот орган договорот за јавна набавка во рок од 5 (пет) работни дена од денот на добивање. Договорниот орган презема обврска на избраниот најповолен понудувач да му го испрати потребниот број на примероци од договорот откако истиот ќе го потпише овластеното лице на Договорниот орган.

19.3. Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во точка 19.2. од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот и да ја објави негативната референца.

**20. Правна заштита**

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки. Правото на жалба во постапка која завршува со електронска аукција се остварува по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач или поништување на постапката.

**21. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка**

21.1. Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

## II. ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

Царинската управа на Република Македонија има потреба од јавна набавка на услуга за Набавка за кампања за спречување на корупција и судир на интереси.

Јавната набавка - Набавка за кампања за спречување на корупција и судир на интереси е во рамки на активностите кои се дел од Кампањата за борба против корупција и судир на интереси и се содржи во изработка на видео спот на тема: „Кампањата за борба против корупција и судир на интереси“, согласно Акциониот план на Царинската управа на Република Македонија за период 2018-2020 година.

Видео спотот е предвиден за емитување на ТВ со должина на време траење од 1 минута и 30 секунди (со дозволено отстапување ± 30 секунди во зависност од креативноста на понудувачот). Видео спотот треба да биде изработен со висок квалитет на продукција, со обезбедени авторски права на музичката подлога, гласот и елементите што ќе се користат во изработка на видео спотот. Видео спотот освен основната верзија изработена на македонски јазик, потребно е да има и видео спот изработен на албански јазик.

Видео спотот кој економскиот оператор ќе го достави треба да биде вро основа на креативно решение од доставено сценарио и „story board“ согласно барањата наведени во техничката спецификација, кој ќе биде основа за конечно бодување при изборот за најприфатливата понуда.

Видео спотот треба да претставува целина содржана од три засебни целини (согласно зададените теми од Кампањата за борба против корупција и судир на интереси) и истовремено е потребно е самите засебно да бидат целини на посочената тема за да може посебно да се емитуваат. Избраниот понудувач (агенција или друг економски оператор) ќе добие дополнителни насоки (бриф) за неопходните елементи на содржината на видео спотот и во рок од 60 (шеесет) дена да го испорача целосно видео спотот во просториите на Царинска управа на ул. Лазар Личеноски бр.13, Скопје.

Видео спотот во делот на содржината треба да ги има следниве елементи/теми:

1. пријавување случаи на корупција на бројот 197 - отворена царинска линија, online пријава и лице за прием на пријави од укажувачи),
2. незаконско и непрофесионално однесување и
3. превенција на корупцијата и судирот на интереси.

Видеото треба да содржи снимен материјал (од најмногу три локации во Царинска управа) од активностите предвидени со Кампањата за борба против корупцијата и судирот на интересите, со кој ќе се подигне јавната свест за борба против корупција и судирот на интереси како цивилизациско зло кое го подрива и разградува општествениот систем, ги попречува и урива основните општествени вредности, ги злоупотребува институционалните капацитети во полза на нелегални цели и интереси. Исто така, за потребите на Царинската

управа од понудувачот се очекува и графичка доработка на видео спотот по потреба и во текот на изработката на финалниот видео спот.

Видео спотот е наменет за две целни групи на кој се обраќа, односно граѓаните во својство на патници кои ја преминуваат државната граница, како и на правните лица (увозно-извозни компании, транспортери, лиценцирани застапници/шпедитери и други учесници во царинските постапки).

Од економскиот оператор се очекува да најде вистински баланс на уметничкиот израз со обезбедување прифатливост и заинтересираност на видео спотот за публиката/аудиториумот, а во исто време да се сочува дигнитетот и значајноста на институцијата. Видео спотот има за цел подигнување на јавната свест за пријавување на случаите на корупција, судир на интереси и злоупотреба на службената должност, како и за начинот на кој граѓаните можат да го искористат своето право да се спротивстават на коруптивните предлози.

Финалниот производ треба да содржи одјавна анимација со употреба на логото на Царинска управа, како и анимирани текстови со информативна содржина за сегашните и идните активности на Царинска управа на РМ.

Поставувањето односно лоцирањето на видео спотот на www.customs.gov.mk - веб страната на Царинската управа ќе го вршат овластени лица од Секторот за информатички и комуникациски технологии при Царинската управа на РМ.

Видеото треба да биде изработено во AVI и MP4 формат, кои се прифатливи за www.youtube.com, согласно професионалните бродкаст стандарди. Воедно, треба да биде модерно, колоритно, динамично и истовремено информативно-едукативно и лесно разбирливо за поголем опфат на публика/аудиториум.

Неопходно потребно е и употреба на пријатна музичка подлога и звучни ефекти и/или спикерски глас за потенцирање на најважните сегменти од видеото.

И на крај, како целина видео спотот треба да е прифатлив за употреба и во иднина да може истиот да се користи на информативни портали на гранични (ЦИ и аеродроми) и внатрешни (ЦИ и терминали) испостави.

Добавувачот при испораката на видео спотот треба да достави Изјава - гарантен лист со обезбеден гарантен рок од најмалку 6 (шест) месеци, со која гарантира за исправноста на изработениот видео спот во гарантниот рок.

Во текот на гарантниот период, сите дефекти кои произлегуваат од испорачаниот материјал, добавувачот ќе мора да ги отстрани на своја сметка односно најдоцна 30 дена од денот на пријавување на утврдениот недостаток или дефект.

**Напомена**: Задолжително во прилог на понудата, понудувачот треба да достави сценарио и „story board" изработени согласно барањата наведени во техничката спецификација, во спротивно понудата ќе биде неприфатлива.

## III. Модел на ДОГОВОР ЗА НАБАВКА ЗА КАМПАЊА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Царинска управа на Република Македонија** со седиште на ул. „Лазар Личеноски" бр. 13, Скопје, ЕМБС 4641655, ЕДБ 4030992228017, застапувано од ______________________________________________ (**во понатамошниот текст: Договорен орган**) од една страна и

2. ______________________________________________________________, со седиште на ул.___________________________________бр.______, град ____________, ЕМБС__________________, ЕДБ __________________, застапувано од управителот/директорот _______________________________________________ (**во понатамошниот текст: Носител на набавката**) од друга страна.

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни за набавка на услуга - Набавка за кампања за спречување на корупција и судир на интереси, согласно Одлуката за јавна набавка бр. ____________ од ____ 2018 година, по спроведена постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 21/2018, како и донесената Одлука за избор на најповолна понуда број ________________ од ____.2018 година.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој Договор е набавка на услуга - Набавка за кампања за спречување на корупција и судир на интереси, согласно барањата наведени во техничката спецификација од тендерската документација и прифатената понуда на Носителот на набавката поднесена преку ЕСЈН, кои се составен дел на овој Договор.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на Договорот ќе се утврди врз основа на реално испорачаната услуга, но не е повеќе од ____________ денари без вклучен ДДВ, односно ____________ денари со вклучен ДДВ.

Единечната цена на предметот на набавка, искажани во приложената спецификација на цени, се утврдени по спроведената електронска аукција/поднесената конечна цена како посебна фаза од постапката за јавна набавка.

Единечните цени се цени со вклучени трошоци за испорака на услугата, други зависни трошоци и јавни давачки и истите се фиксни и непроменливи за целокупното времетраење на Договорот.

Договорните страни се согласни дека евентуалните промени на цените на пазарот нема да влијаат на вредноста на овој Договор.

Испорачаните услуги над вкупната вредност на Договорот наведена во овој член, ќе биде на товар на Носителот на набавката.

## НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

Член 4

Носителот на набавката е должен квалитетно, совесно и навремено да ја изврши услугата - предмет на Договорот, согласно барањата наведени во техничката спецификација од тендерската документација и неговата прифатената понуда.

Носителот на набавката треба во рок од 60 (шеесет) дена, сметано од од денот на добивање на дополнителни насоки (бриф) од Договорниот орган, да ја изврши услугата - да го испорача видео спотот-предмет на договорот на следната локација: во просториите на Царинска управа на ул. Лазар Личеновски бр. 13 Скопје.

Член 5

Носителот на набавка е обврзан истовремено при испораката на предметот на договорот да достави Изјава-гарантен лист со гарантен рок од ________ месеци во согласност со наведеното во техничката спецификација и неговата понуда.

## КВАНТИТАТИВЕН И КВАЛИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 6

Квалитативен и квантитативен прием на стоките-предмет на набавка врши назначено лице од Договорниот орган.

Во текот на примопредавањето се утврдува следното:

1) Дали обврските се извршени во договорениот рок;
2) Дали квантитетот и квалитетот на извршените обврски по овој договор одговара на договорениот квантитет и квалитет;
3) Дали се испорачани гарантни листови согласно наведеното во член 5 од овој Договор.

Во случај кога при прием ќе се утврдат недостатоци, истите ги евидентира назначеното лице на Договорниот орган, а Носителот на набавка се обврзува **<u>во дополнителен рок од 30 дена</u>** да ги отстрани недостатоците односно замени неквалитетните стоки со нови квалитетни стоки кои се во согласност со барањата и условите наведени во техничката спецификација и доставената понуда.

Испораката се смета за извршена по потпишување на испратница и/или записникот од страна на овластени лица од двете договорни страни.

## ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 7

Носителот на набавката гарантира за исправноста на изработениот видео спот-предемет на набавка за временски период од ______ месеци

Член 8

Во текот на гарантниот период, сите дефекти кои произлегуваат од испорачаниот материјал, Носителот на набавката ќе мора да ги отстрани на своја сметка најдоцна во рок од 30 дена од денот на пријавување на утврдениот недостаток или дефект.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, КАЗНЕНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

Член 9

Носителот на набавката се обврзува во рок од 3 (три) дена од склучување на Договорот до Договорниот орган да достави известување за овластено лице за потпишување на фактури и при секоја промена на овластеното лице веднаш да го извести Договорниот орган.

Член 10

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го изврши вирмански во рок од 60 (шеесет) дена од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Царинска управа на Република Македонија, ул.„Лазар Личеноски" бр.13, 1000 Скопје.

Задолжително во прилог на фактурата се доставува испратница и или записник, уредно заверена и потпишана од страна на лицето назначено од Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

Доколку Договорниот орган не ја плати паричната обврска по фактурата во рокот од став 1 на овој член, Носителот на набавката има право на пресметка и наплата на казнена камата за задоцнето плаќање, како и право на надоместок за доцнење, согласно позитивните законски прописи.

За извршување на овој Договор не е дозволено авансно плаќање.

## ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Квалитетното, односно целосно, совесно и навремено извршување на обврските по овој Договор, Носителот на набавката го гарантира со доставена безусловна банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот во висина од **5%** од вкупната вредност на овој договор.

Договорниот орган има право да ја активира и наплати банкарската гаранција од став 1 на овој член и да отпочне со постапка за раскинување на овој договор

при појавување на доцнење и/или грешки за кои Носителот на набавката е директно одговорен и тоа:

- Во случај на ненавремено извршување на обврските по овој Договор од страна на Носителот на набавката и кога доцнењето е подолго од 10 (десет) дена од крајниот рок на испорака наведен во член 4 од Договорот,
- Во случај кога Носителот на набавката сноси одговорност за неквалитетно извршени обврски по овој Договор кои не се во согласност со барањата наведени во техничката спецификација, тендерската документација и неговата понуда, а недостатоците не се отстранети во дополнително дадениот рок наведен во член 6 од Договорот,
- Во случај кога Носителот на набавката во гарантниот период не ги извршува обврските во рокот наведен во член 8 од Договорот,
- Во случај кога Договорот е раскинат и престанал да важи по вина на Носителот на набавката .

Доколку Договорот се спроведе навреме и квалитетно во согласност со одредбите на овој Договор, гаранцијата за квалитетно извршување на Договорот му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена по целосното извршување на Договорот.

## НАДОМЕСТ НА ШТЕТА И ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Договорните страни се согласни дека доколку Носителот на набавката не ги исполни обврските по овој Договор во рокот утврден во член 4 на овој Договор, Договорниот орган има право да бара од Носителот на набавката да му исплати договорна казна во висина од 0,5% од вкупната вредност на Договорот за секој нареден ден задоцнување, но не повеќе од 10 (десет) дена од утврдениот рок за извршување на обврските.

Утврдениот износ на договорна казна поради задоцнување, Договорниот орган ќе го засмета и одбие при исплатата на износ од фактура на Носителот на набавката доставена за исплата.

Исто така, договорните страни се согласни дека доколку Носителот на набавката не ги изврши обврските во рок и на начин утврден со овој Договор, покрај правото на договорна казна од став 1 на овој член, Договорниот орган има право да го раскине Договорот со проста изјава за раскинување на Договорот и да бара надомест на штета.

Во овој случај Договорниот орган го задржува правото да склучи Договор со второрангираниот понудувач, а разликата помеѓу цената на услугите

утврдена со овој Договор и цената на второрангираниот понудувач, паѓа на товар на Носителот на набавката.

## ВИША СИЛА

Член 13

Ниту една од договорните страни не одговара и нема да биде одговорна за неисполнување на обврските по овој Договор до кое би дошло поради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена поради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 14

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 15

Сите спорови кои ќе произлезат од овој Договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 16

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, друга-та договорна страна има право да го раскине овој Договор со доставување на писмено известување во рок од 7 (седум) дена пред раскинувањето на договорот.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 17

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 18

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е македонскиот јазик.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 19

Договорот се склучува за временски период до реализација на обврските по истиот, но не подолго од **6 (шест)** месеци, сметано од денот на потпишување на истиот од двете договорни страни.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 20

Договорот стапува на сила со денот на потпишување на истиот од двете договорни страни.

Член 21

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 22

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 23

Овој договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) примероци за Договорниот орган и 2 (два) примероци за Носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН<br>**Царинска управа на РМ** | НОСИТЕЛ НА НАБАВКА<br>_________________________ |
|---|---|
| **Директор** | **Управител/Директор** |
| _________________________ | _________________________ |
| _________________________ | _________________________ |

*Составни делови на овој Договор се:*
*а) Спецификација на цени,*
*б) Техничка спецификација од тендерска документација,*
*в) Понудата на Носителот на набавка.*

**Прилог 1 – Образец на понуда**

[меморандум на понудувачот] - *опционално*

Врз основа на огласот број 21/2018 објавен од страна на Царинска управа на Република Македонија за доделување договор за јавна набавка**- „Набавка на кампања за спречување на корупција и судир на интереси”**, со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: ______________________________________________

I.2. Контакт информации:

- Адреса: ______________________________________________
- Телефон: ______________________________________________
- Факс: ______________________________________________
- Е-пошта: ______________________________________________
- Лице за контакт: ______________________________________________

I.3. Одговорно лице: ______________________________________________

I.4. Лице овластено од одговорното лице: ______________________________

______________________________ *(се пополнува само доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, со приложено овластување)*

I.5. Даночен број: ______________________________________________

I.6. Матичен број: ______________________________________________

## Дел II – Техничка и финансиска понуда

II.1. Согласни сме да ги понудиме услугите-предмет на договорот за јавна набавка со цените дефинирани во следнава Листа:

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| **Назив** | **Единица мерка** | **Единечна цена без ДДВ** | **ДДВ** |
| Изработка и испорака на видео спот за Кампањата за борба против корупција и судир на интереси согласно техничката спецификација | паушал | | |
| **Вкупна цена без ДДВ (со бројки):** | | | |
| **Вкупно ДДВ (со бројки):** | | | |

II.2. Според тоа, вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: ___________________________ *[со бројки]* (____________________________________________________________) *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува ________________________________ *(со бројки)*. ________________________________________________________________________________ ___________________________________________________________________ *(со букви)*.

II.3. **Изјавуваме дека обезбедуваме гарантен рок од _________ месеци.**

II.4. Изјавуваме дека имаме намера дел од договорот да го отстапиме на подизведувач/и, и тоа:*****

- следниот дел од договорот:

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

- на следниот/те подизведувач/и (фирма, седиште, единствен даночен број и слично):

_____________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

** (Податоците мора да бидат наведени само доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи)*

II.5. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.6. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 169 од Законот за јавните набавки.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| | (потпис) * |

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба**

# И З Ј А В А

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот ______________________________________________ *[се наведува назив на понудувачот]* во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба на понудувачите утврдени во законот и во тендерската документација по огласот за доделување на договор за јавна набавка на **„Набавка на кампања за спречување на корупција и судир на интереси",** објавен од страна на Царинска управа на Република Македонија со барање за прибирање на понуди и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ______________________ | ______________________ |
| | (потпис) * |

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Прилог 3 – Изјава за сериозност на понудата**

## И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот_________________________ ________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| _____________________________ | _____________________________ |
| | (потпис) * |

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него*

**Прилог 4 – Изјава за независна понуда** *(во случај на групна понуда, секој член на групата на понудувачи ја поднесува изјавата за независна понуда за својот субјект/правно лице, односно самостојно)*

## И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот* _______________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 129 став 2 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот_______________________________ ________________________________________, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудата во постапката со барање за прибирање на понуди за доделување на договор за јавна набавка -„**Набавка на кампања за спречување на корупција и судир на интереси”,** по оглас бр. 21/2018 ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата.

Истовремено, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека при доставувањето на понудата за постапката по оглас бр. 21/2018 не учествувам со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички или роднински поврзан.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што ќе доведе до поведување на соодветна постапка против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| | (потпис)** |

*****_Изјавата за независна понуда не може да гласи на ниту едно друго лице освен на одговорното лице._

****** _Овој образец се потпишува електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице. Доколку образецот е потпишан од лице овластено за дигитално потпишување, тогаш истиот задолжително треба да е своерачно потпишан од одговорното лице, скениран и на таков формат да биде апплициран дигитален потпис._

_Напомена:_ *во случај на групна понуда, доколку членовите на групата не поседуваат дигитален сертификат, образецот може да биде своерачно потпишан и доставен во скенирана електронска форма.*

**Прилог 5 – Образец за општи информации** *(Во случај на групна понуда образецот со општи информации се пополнува за секој член на групата на економски оператори)*

<table>
<tr><td colspan="2">1. Назив на економскиот оператор / претставник на група економски оператори / член на група економски оператори:</td></tr>
<tr><td colspan="2">2. Адреса на седиштето:</td></tr>
<tr><td>3. Телефон:</td><td>4. Контакт:</td></tr>
<tr><td>5. Факс:</td><td>6. e-mail:</td></tr>
<tr><td>7. Место на основањето/ регистрацијата:</td><td>8. Година на основањето / регистрацијата:</td></tr>
<tr><td colspan="2">9. Основни дејности на економскиот оператор:</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Место и датум | Одговорно лице |
| ______________________________ | ______________________________ |
| | (потпис) * |

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

<u>*Напомена:*</u> *во случај на групна понуда, доколку членовите на групата не поседуваат дигитален сертификат, образецот може да биде своерачно потпишан и доставен во скенирана електронска форма.*